Еко свест

# Инфо билтен - април 2026






# Национална конференција за природа

На 16 април Еко-свест ја одржа Националната конференција за природа, која на едно место ги собра сите релевантни национални чинители и локални заедници, поврзани со животната средина.

Прочитај повеќе



# Нов мурал со еко порака во Струга

На 17ти април, заедно со учениците од Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ – Струга, младинците од ЦКА - ПХВ програмата и професорот Горан Ристовски создадовме мурал во дворот на училиштето, посветен на реките кои извираат од планината Јабланица.

Прочитај повеќе

---

# Регионална средба на партнерите на PONT

На 26 и 27 март 2026 година во Вевчани, се одржа вториот состанок на партнерите на PONT Connect иницијативата од Македонија, Грција и Албанија.

Прочитај повеќе






# Промовирана нова детска сликовница Каде оди реката?

Прекрасната емотивна сликовница за деца „Каде оди реката?" беше промовирана на 5 април во Скопје. Промоцијата беше проследена од неколку десетици посетители на КСП Центар – Јадро, каде збор зедоа Ѓорѓи Митревски од Еко-свест, и авторките Хана Корнети и Марија Трајаноска.

„Кога Лука копнее да го види светот, скриен зад далечниот хоризонт низ кој тече реката, снешкото Магелан решава храбро да скокне во изворот и да отплови наместо него.
Пловејќи низводно, Магелан ги открива волшебните убавини на природата и нејзините фантастични жители. Но она што почнува како весела авантура, набрзо се претвора во откритие на длабоките лузни што човекот ги оставил со својата негрижа.
„Каде оди реката?" е лирска екоприказна за пријателството, одговорноста и надежта. Таа нѐ учи дека секој наш свесен избор е чекор на патот кон зачувување на хармонијата меѓу човекот и природата", е наведено во сижето на сликовницата.

Ова издание на Чудна шума е во соработка со Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест", Скопје. Содржините во изданието се инспирирани од нивната работа во областа на заштитата на реките и се темелат на резултатите од истражувањата за притисоците врз реките и речните екосистеми.

---





# Еко-свест истражува

Преку видео серијал истражувавме теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција и покривме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање правување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку правна рамка за клима и паметно енергетско планирање, до воспоставување граѓански енергетски заедници и поттикнување на просумеризмот. Две сезони, по пет епизоди, секоја по околу 6 минути.

Прочитај повеќе




Просумери

Резервирајте го четврток, 21 мај 2026 г. за присуство на Регионалната конференција „Граѓанската енергија и домаќинствата - регулатива, пракса и регионални искуства" која ќе се одржи во Скопје. Ќе зборуваме за најновите регулативи за граѓанска енергија и просумери, пристапот до финансии и субвенции, поврзувањето на мрежа и административните пречки, за инклузијата и енергетската правда во просумеризмот. Пријавете го присуството преку овој формулар за учество.

---

Со цел да ги информираме и мотивираме граѓаните да станат активни потрошувачи-производители на електрична енергија, спроведовме социјално истражување за профилот на македонските просумери. Дознаваме дека постоечките просумери се подобро информирани и имаат силно влијание врз идните, додека финансиските трошоци, административните процедури и недовербата во институциите остануваат клучни пречки. Дознајте повеќе на prosumer.mk.

---

Активно работиме со партнерите во Општина Битола и со Локалниот економско-социјален совет на интегрирање на приоритетите од плановите за праведна транзиција во поширокиот развој на Битола и регионот. Погледнете ја „Визијата за развој на Битола" и разгледајте ја анализата за социо-економскиот пејсаж на регионот, од влијанието на зависноста од јаглен, преку еколошките проблеми, до развојот на инфраструктурата и трендовите на вработување.

---

Во услови на нова криза со фосилните горива, плановите за проширување на гасната инфраструктура во Македонија и Западен Балкан повторно ја отвораат дебатата за енергетската иднина на регионот. Иако гасот се промовира како „преодно" решение, ваквите инвестиции ризикуваат да ја продлабочат зависноста од увоз и ценовни шокови, наместо да ја искористат предноста што регионот сè уште има, а тоа е ниската зависност од гас. Наместо тоа, решението лежи во забрзана електрификација и вложувања во обновливи извори на енергија. Дознајте повеќе зошто гасот, кој е фосилно гориво како нафтата и јагленот, има големо негативно влијание врз природата и животната средина, човековото здравје и економијата на www.toxic.mk.






# Еко трампа #3

На 18 април, во Лабораториум, тимот на Еко-свест заедно со своите волонтери беше домаќин на сите граѓани кои сакаа да бидат дел од третата Еко-трампа.

Новитет на оваа Еко трампа беше тоа што воведовме и катче за реквизити за домашни миленици и катче за детски играчки, по барање на учесниците на минатите одржани настани.

Овој пат, учесниците на Еко-трампа, можеа да си изберат и понесат онолку предмети колку што им се допаднале, а правилото за учество налагаше да донесат најмногу до три свои предмети. Следете не за датумот и локацијата на следната Еко-трампа!

Прочитај повеќе



# Посета на волонтерите на Јабланица

На 30ти и 31ви март во Вевчани ни гостуваа волонтерите од Еко волонтерскиот клуб на Еко-свест од Скопје, со кои поминавме два интензивни дена на терен.

Прочитај повеќе

---

# Пријави еколошки проблем










Прочитај повеќе

---

# Еко-трампа




Настанот ЕКО ТРАМПА „На ти го дај ми го" е првенствено место за размена на енергии, насмевки и создавање пријателства. Еко трампата им овозможува на граѓаните да разменат предмети кои веќе не ги користат за оние што им се потребни. Секоја ситница која повеќе не ви е потребна, сега може да добие нова намена и втор живот благодарение на ЕКО ТРАМПА „На ти го дај ми го".

Преку „Еко трампата", Еко-свест продолжува да ја промовира филозофијата на „повторна употреба и рециклирање". Оваа иницијатива ја намалува потребата за ново производство, го намалува отпечатокот врз животната средина и ја поттикнува солидарноста во заедницата преку едноставниот чин на споделување.

Прочитај повеќе

---

## Еко-култура




Нашата визија се темели на воспоставување директна и долгорочна соработка со националните културни институции, независните културни центри, индивидуалните уметници, фестивалите и останатите културни и образовни организации кои ги препознаваме како клучни носители на новиот наратив за природата.

Промената се случува тогаш кога уметниците, низ сопствениот творечки процес и личен сензибилитет ќе ја раскажат приказната. На тој начин, уметноста не е алатка за огласување, туку автентичен двигател на свеста и траен носител на општествената трансформација.

Прочитај повеќе

# Стани наш поддржувач

## Мисија

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и практики за заштита на животната средина и одржливо живеење. Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со релевантни организации и институции.

## Визија

Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде граѓаните одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.




Прочитај повеќе

---

# Медиуми

- „Еко-свест": Македонија да инвестира во обновливи извори на енергија, а не во инфраструктура за гас (Слободен печат)
- Зелениот телефон е корисна алатка на Еко-свест, Искра Манојлоска гостинка во Ја сакам Македонија (Сител)
- Изјава на Ана Чоловиќ Лешоска за време на Националната конференција за природа (Сител)
- Гостување на Дарко Ќитаноски од Еко-свест во „Ја сакам Македонија" (Сител)
- Промовирана „Каде оди реката?" - Ѓорѓи Митревски гостин во „Ја сакам Македонија" (Сител)

---

# Публикации

- Проценка на емисиите од гасната инфраструктура во С. Македонија (линк)
- Анализа на Фонд за енергетска ефикасност во Република Македонија (линк)

- Платформа за застапување за унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и потрошувачи-производители во Македонија (линк)
- Анализа на социо-економската ситуација во Битолскиот регион за јаглен (линк)

---

# Еко-свест Вевчани

СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА
ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест во Вевчани отвори своја локална канцеларија.

Низа успешни активности на Еко-свест, беа реализирани во соработка со Општина Вевчани и релевантните чинители во Заштитеното подрачје „Вевчански извори".

Еко-свест во 2018 година го поддржа донесувањето на Планот за управување со заштитеното подрачје и помогна на Општината да воспостави систем за негово одржливо управување.

Прочитај повеќе

**Центар за истражување и информирање за животната средина**
**Еко-свест Скопје**
Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000, Скопје

https://ekosvest.com.mk/

Претплатени сте да го добивате овој инфо билтен. Доколку не сакате повеќе да добивате информации од Еко-свест може да ја откажете вашата претплата на следниот линк:

Повеќе не сакам да добивам пораки